



Танас Луловски - Тане
Роден е 1940год. во Желево, Леринско (Андартико, Флорина). Академија за ликовни уметности завршил 1967 год. во Букурешт. 1970-71, Специјализира сликарство во Рим, како стипендист на Италијанската влада. Студиски престои: Париз, Амстердам, Мастрихт, Виена, Фиренца, Њујорк, Торонто. Учествувал на повеќе ликовни колонии. Од 1967 до 1985 - слободен уметник. Од 1985 работи како професор на ФЛУ Скопје. Живее и работи во Скопје.
Адреса: Партизански одреди, 119-3/10;
тел.++389 02 378 235

Tanas Lulovski - Tane
Born 1940 in Zelevo, (Andartikon) Florina county. Graduated from the Academy of Fine Arts in Bucharest in 1967. In 1970-71 he went to Rome for a specijalized training in painting as a scholarship holder of the Italian Gavernment. He went on specialized trips to Paris, Amsterdam, Maastricht, Vienna, Firenze, New York, Toronto. He participated at several art colonies. From 1967 to 1985 he worked as a free-lance artist. Since 1985 he is working as a professor at the Academy of Fine Arts in Skopje. He lives and works in Skopje.
Address: Partizanski odredi st. No. 119/3/10
Phone: ++389 02 378 235

"Полиптихон в**о слава на Белото**" е наслов на концептот кој Танас Луловски го конципира во зависност од архитектонскиот облик, прилагодувајќи се на основната идеја во која сопствената духовност ја поврзува со безпрекорна чистина на чувствата во специфична и креативна уметност.

Почнувајќи од **Белото**, како симбол на чисто размислување, како почеток и крајна состојба на целокупната поврзаност во природата во сооднос со извесни мистични (и реални) концепции од минатото, како вечен недофатлив пример на неподвижна состојба на мирување и (не)постоење и како специфична духовна енергија која го обликува концептот, Луловски го пробива обрачот околу себе со цел, да го дофати **Хоризонтот** на духовната архитектоника на чувствата. Користејќи ја искреноста на сензибилитетот и притаената вистина, интуитивното чувство го претвора во „жива форма„ со што подсвесното станува реалност. Хоризонтот е светлост и свест од која се раѓаат безбројни имагинации, визија која не постои и никој не ги знае нејзините крајни граници. Во неговите рамки ја преставува вечноста како трансформација на една изумрена енергија во облик на нова идеја (**Детство**) која се темели на менталните и сензибилни запазувања на еволуционата шема и цикличните, бескрајни и хаотични траги и движења.

Во својот концепт авторот создава извонредна организација на апсолутна геометриска апстракција со игра на реални форми, во кои го проектира својот целокупен реален, материјален свет, свет на симболи и знаци чие универзално значење се поврзува со нематеријалната, имагинативна енергија со која е исполнет апстрактниот меѓупростор. Неговите форми се чисти, независни, автономни, изградени и поставени врз чисти основи на природните законитости. Сензибилната вредност на формата е поистоветена со колористичката, која заедно со поврзувањето на елементите на најштедлив и најјасен начин, ја сочинуваат основата на концептот.

Новиот почеток, кој Луловски го поистоветува со „изворот на животот - Белото„ е исполнет со структура на динамични емоции кои се стремат кон усовршување на материјалниот свет кон идеална духовност.

Лиљана Христова

" Polyptych: praising the white" is the label of the conception shaped byTanas Lulovski according to the architectural shape, adapting his self to the essential idea in which his own spirituality is connected with irreproachable clearing of the feelings in the specific and creative art.

Beginning with the White, as a symbol of the open contemplation, as a beginning and outmost condition of the entire association in the nature which is in the correlation with certain mystical (and real) conceptions from the past, as an eternal unreachable example of the motionless condition of rest and (un)existance as well as specific spiritual energy that shapes the conception, Lulovski is breaching the enclosure around him aiming to catch the Horizon of the spiritual architecture of the feelings. Implementing the fairness of the sensibility and latent truth, the author is transforming the intuitive feeling into the "vivid form" by which the subconsciousness became reality. The horizon is a light and consciousness in which numberless imaginations are born, a vision that not exists, which final frontiers are not known to anyone. In his frames he presents the eternity as a transformation of a forgone energy in the shape of the new idea (Childhood), which rest on mental and sensible perception of the evolutionary schema of the cyclic, eternal and chaotic traces and motions.

In his concept the author is creating an exceptional organization of absolute geometrical abstraction playing with the real forms, in which he project his entire real material world, world of symbols and signs which universal meaning is associated with unmaterial, imaginative energy that mob the abstract interspace. His forms are clear, independent, authonomous; they rest on clear bases of the natural legality. The sensual value of the form is identified with the color value, which together with the association of the elements create the base of the conception on the most clearest and most thrifty manner.

The new beginning, which is identified by Lulukovski as "a source of life- the white" is fulfilled by the structure of the vivid emotion, which endeavor the perfection of the material world into the ideal spirituality.

Liljana Hristova








**Самостојни изложби:**

1967 - Букурешт, Галерија Цалиндеру
1970 - Скопје, Салон на МСУ
1973 - Скопје, Уметничка галерија
1974 - Белград, Дом омладине
1977 - Белград, Салон на МСУ
Дубровник, Галерија Себастијан
1982 - Скопје, Уметничка галерија
Зрењанин и Сомбор
Загреб, Дом ЈНА
1984 - Белград, Галерија А-3, „Пепел и тестамент„
1991 - Прилеп, Интервенции во простор, „Во слава на сонот„
1992 - Скопје, Интервенција во простор, „Во чест на безцелните жртви„
1998 - Скопје, Интервенција во простор, Во помен на загинатите со незнајни гробови
2000 - Скопје, Музеј на град Скопје, „Во слава на Белото„
2002 - Битола, Уметничка галерија, „Во слава на Белото„

Излагал на голем број групни изложби во земјата и во странство.

**Solo exhibitions**

1967 Bucharest, Gallery Calinderu
1970 Skopje, Salon of the Museum of Contemporary Arts
1973 Skopje, Art Gallery
1974 Beograd, Youth Center
1977 Beograd, Salon of the Museum of Contemporary Arts
Dubrovnik, Gallery Sebastian
1982 Skopje, Art Gallery
Zrenjanin and Sombor,
Zagreb, Army Center
1984 Beograd, Gallery AZ, "Ashes and Will"
1991 Prilep, Intervention in a Space (Sity Square), "Praising the Dream"
1992 Skopje, Intervention in a Space, Honoring the senseless Victims
1998 Skopje, Intervention in Space, "In the Memory of the Fallen with Unknown Graves"
2000 Skopje, Museum of the City of Skopje, "Praising the White"
2002 Bitola, Art Gallery, "Praising the White"

He has sxhibited at the many group axhibitions here and abroad.



Изложбата е финансирана од Министерство за Култура на Р. Македонија

Организатор: Завод, Музеј и Галерија - Битола; За организаторот: Иван Јолевски; Предговор: Лиљана Христова; Превод на англиски: Силвана Петрова; Компјутерска подготовка: Жико Калпаковски, Печати: Гутенберг Битола

Уметничка галерија Битола 25.07 - 15.08 2002